РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1016/1
12-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на дваесет и шестата седница одржана на ден седми февруари 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Македонка Стојанова бидејќи лицето повеќе не е во состојба на судирот на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-5263/1 од 18.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5263/1 од 18.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива против службеното лице Македонка Стојанова каде што е констатирано дека покрај функцијата член на Совет на Општина Валандово, истото лице е и член на училишен одбор во СОУ „Гоце Делчев" Валандово.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати до службеното лице Македонка Стојанова и достави Известување и барање за постапување, при што од неа побара да преземе соодветни дејствија во насока на отстранување на состојбата на судир на интереси.

По доставеното Известување и барање за постапување, до Државната комисија Македонка Стојанова достави Известување за постапување по доставено барање во кое што ја известува Државната комисија дека е разрешена од член на училишен одбор во СОУ „Гоце Делчев" Валандово, за што има доставено и копија од Решението за именување и разрешување за горенаведената функција.

Од вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден седми февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи констатира дека во конкретниот предмет постапувањето се запира затоа што е отстранета состојбата на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Ема Нешковска- Соработник
Одобрил:
М-р Владимир Георгиев


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk